Бр. 12 - 1013/4
18.03 год. 2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на петтата седница одржана на ден 15 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност, односно нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1013/1 од 05.03.2019 година.

Предметот со број 12-1013/1 од 05.03.2019 година да се затвари и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на Државната комисија.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1013/1 од 05.03.2019 година е оформен врз основа на добиени две пријави од познат подносител – физичко лице.

Со едната пријава се укажува на неправилности во постапка за вработување во една од Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, односно се изразува незадоволство од одлуката за избор на кандидат за вработување во предметната постапка за вработување, по објавен јавен оглас/конкурс за вработување на кој како кандидат за вработување учествувал и подносителот на пријавата.

Со втората пријава се укажува на неправилности во постапка за вработување на еден од Универзитетите во Република Северна Македонија, односно се изразува незадоволство од одлуката за избор на кандидат за вработување во предметната постапка за вработување, по објавен јавен оглас/конкурс за вработување на кој како кандидат за вработување учествувал и подносителот на пријавата.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот за тоа дека се повредени неговите права во постапките за вработување и дека не е избран за кандидат за вработување, одделно во секоја од двете институции и покрај тоа што ги исполнува сите барани услови, наводот за тоа дека подносителот на пријавата користел/остварувал заштита на своите права пред надлежниот второстепен орган, како и фактот дека по однос на секоја од постапките има право да поведе спор пред надлежен суд.

Врз основа на сите околности на предметните пријавени случаи, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавите не содржат елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, дека истите не упатуваат на коруптивно дејствување на службено(и) лице(а) од конкретните институции, ниту дека посочените дејствија од


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

конкрертната постапка за вработување можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk